# Информативен билтен

## Центар за стручно образование и обука



*Драги читатели,*

*Во овој информативен билтен ќе Ве информираме за реализираните активности од страна на Центарот за стручно образование и обука, како што се новините во стручното образование и обука, разни семинари, работилници, издадени публикации, конференции, натпревари, состаноци, како и други активности реализирани од страна на вработените во ЦСОО.*

*Ви благодариме на вниманието.*

*Потпишување Меморандум за разбирање и соработка*

На 31.1.2017 година преку потпишување Меморандум за разбирање и соработка, Центарот за стручно образование и обука ја продолжи и ја продлабочи соработката со Бизнис Конфедерација на Македонија.

„Ова само ја потврдува обостраната добра волја и интерес, со заеднички сили и сплотено да продолжиме да ги ефектуираме активностите кои се дел од Стратегијата за стручно образование и обука во контекст на доживотното учење 2013/2020. Крајната цел е продуцирање на соодветни стручни и добро обучени кадри, кои веднаш би се вклучувале во работните процеси на организациите, по формализација на образовниот процес, особено во процесите на оние кои делуваат во приватниот сектор, што пак овозможува намалување на невработеноста како најгорлив проблем на денешницата, а со тоа и придвижување на севкупниот економски и социјален напредок на Република Македонија“. Ова го истакна г-ѓа Ајше Селмани, директор на Центарот за стручно образование и обука.

Покрај потпишувањето на Меморандумот за разбирање и соработка, г-ѓа Ајше Селмани додели и благодарница за досегашната успешна соработка и исклучителен придонес во развојот на стручното образование и обука.





